Скопје, 31 јануари 2017 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: декември 2016 година

- Во последниот месец од 2016 година, каматните стапки на вкупните кредити и вкупните депозити останаа непроменети во однос на претходниот месец, на ниво од 6,2% и 1,8%, соодветно.

- Каматните стапки на новоодобрените кредити, во декември изнесуваат 5,3% при забележителен месечен пад од 0,4 п.п.. Истовремено, месечно намалување, но со помал интензитет (0,1 п.п.), е регистрирано и кај каматните стапки на новопримените депозити кои изнесуваат 1,6%.

### Табела 1. Каматни стапки на вкупните и новите кредити и депозити

| | 12.2015 | 1.2016 | 2.2016 | 3.2016 | 4.2016 | 5.2016 | 6.2016 | 7.2016 | 8.2016 | 9.2016 | 10.2016 | 11.2016 | 12.2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.5** | **6.4** | **6.4** | **6.4** | **6.3** | **6.4** | **6.3** | **6.3** | **6.2** | **6.2** |
| Корпоративен сектор | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.2 | 6.2 | 6.2 | 6.1 | 6.1 | 6.1 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.8 |
| Домаќинства | 6.8 | 6.8 | 6.8 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.7 | 6.6 | 6.6 |
| **Новоодобрени кредити** | **5.9** | **6.0** | **6.1** | **6.0** | **5.7** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.9** | **5.8** | **5.7** | **5.7** | **5.3** |
| Корпоративен сектор | 5.9 | 6.0 | 6.1 | 6.0 | 5.7 | 6.0 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.6 | 5.7 | 5.2 |
| Домаќинства | 5.7 | 6.0 | 6.0 | 5.9 | 5.9 | 5.8 | 5.9 | 5.8 | 6.0 | 5.9 | 5.8 | 5.8 | 5.6 |
| **Вкупни депозити** | **1.9** | **1.9** | **1.9** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** | **1.8** |
| Корпоративен сектор | 2.2 | 2.2 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 2.0 | 2.1 | 2.1 | 2.1 | 2.1 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.9 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.8 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 |
| **Новопримени депозити** | **1.6** | **1.8** | **1.6** | **1.7** | **1.7** | **1.1** | **1.4** | **1.5** | **1.4** | **1.6** | **1.6** | **1.7** | **1.6** |
| Корпоративен сектор | 1.3 | 2.0 | 1.1 | 1.3 | 1.2 | 0.8 | 0.9 | 1.3 | 0.9 | 1.4 | 1.4 | 1.6 | 1.5 |
| Домаќинства | 1.9 | 1.7 | 2.0 | 1.9 | 1.9 | 1.5 | 1.9 | 1.6 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 1.8 |

Извор:НБРМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види методологија http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[2]







Извор:НБРМ.

- Каматните стапки на вкупните кредити на корпоративниот сектор во декември 2016 година изнесуваат 5,8%, при минимално надолно поместување од 0,1 п.п.. Споредено со декември 2015 година, каматните стапки на вкупните кредити на корпоративниот сектор се пониски за 0,5 п.п..

- Просечната стапка по која се одобрувале нови кредити на корпоративниот сектор во декември изнесува 5,2%, што претставува значително месечно намалување од 0,5 п.п.. Надолната промена е резултат на намалувањето кај сите валутни групи, најизразено кај каматните стапки на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,7 п.п.), по што следат каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула (за 0,4 п.п.) и кредитите одобрени во странска валута (за 0,3 п.п.).







Извор:НБРМ.

[2] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор се однесува на нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити од корпоративниот сектор е без промени од септември 2016 година и изнесува 2,1%. Споредено со крајот на претходната година, каматните стапки на вкупните депозити на корпоративниот сектор се минимално пониски (за 0,1 п.п.).

– Декемвриската просечна каматна стапка за новопримените депозити[3] од корпоративниот сектор изнесува 1,5%, со минимална надолна промена од 0,1 п.п. во однос на претходниот месец.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[4]







Извор:НБРМ.

– Каматните стапки на вкупните кредити одобрени на домаќинствата останаа непроменети во последниот месец од 2016 година, на ниво од 6,6%. Во однос на декември 2015 година, овие стапки се пониски за 0,2 п.п..

– Во декември, каматните стапки на новодобрените кредити на домаќинствата изнесуваат 5,6%, што на месечно ниво претставува пад за 0,2 п.п., главно кај стапките на денарските кредити со валутна клаузула.

---

[3] Во графиконот којшто се однесува на „Каматните стапки на новопримени депозити на корпоративниот сектор" прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[4] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.







Извор:НБРМ.

- Просечната каматна стапка на вкупните депозити од домаќинствата се стабилизираше на нивото од 1,7%, без промени во периодот септември - декември 2016 година. Споредено со декември 2015 година, оваа каматна стапка е пониска за 0,2 п.п..

- Каматните стапки на новопримените депозити[5] од домаќинствата изнесуваат 1,8%, без промена на месечно ниво.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци http://nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

[5] Во графиконот којшто се однесува на „Каматните стапки на новопримени депозити на домаќинствата" прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Македонија**
**Дирекција за статистика**

Месечни податоци за каматните стапки: 28 февруари 2017 (референтен пресек заклучно со јануари 2016).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/ 108).